Врз основа на член 40 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Одборот на директори на Универзитетот на својата 4-та седница одржана на ден 22.04.2020-та година го донесе слениот

**П Р А В И Л Н И К**

за плати на вработените на Универзитет Американ Колеџ Скопје

Правилникот е донесен врз основа на позитивниата законска регулатива во Република Северна Македонија посебно од аспект на Законот за работни односи и законската монетарна, фискална и даночна политика

Вработениоте во Универзитетот Американ Колеџ го остваруваат своето законско право за исплата на плата во секој тековен месец за својот остварен труд и работа во предходниот.

Платата на вработените ниво на установа се исплаќа со Налог ПП 53 преку Управата за јавни приходи на Р.С.Македонија кое гарантира задолжителна уплата на законските стапки на пензиско и здравствено осигурување.

Согласно организацијата и систематизацијата на работните места овој Правилник ја третира исплатата на платата на две основни типски групи на вработени и тоа:

- *Академски кадар*
- *админиострација*

Висината на платите на акдемскиот кадар е во директна зависност од оствареното академско звање почнувајки од

- Доцент
- Вонреден професор
- Редовен професор

Со секое остварување на повисокото академско звање, платата на конкретниот академски работник ќе се корегира (зголеми) согласно утврдените износи на основна плата предвидени со овој Правилник.

Но, врз основа на утврвдено реалното академско оптеретување основната плата на академскиот кадар исто така може во одредени случаеви да биде корегирана.

Висината на основната плата на вработените во одделните сектори на администрацијата на Универзитетот Американ Колеџ се утврдуваат и варираат согласно три основни критериуми:

- Степен на стручна подготовка
- Коефициент на сложеност на работното место
- Степен на одговорност која ја носи самото работно место

Основната плата на вработените во Универзитетот Америка Колеџ се зголемува за сите законски додатоци како процент за изминат труд од 0,5% за секоја помината година работен стаж кај работодавачот.

На крајот на секоја календарска година платите на вработените во Универзитетот Американ Колеџ можат да бидат зголемени / намалени а врз основа на спроведена 360 евалуација на секое работно место која евалуација се спроведува од страна на

- Менаџментот на Универзитетот
- Колегите
- Студентите

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи предходно донесениот.
Овој Правилник ќе претрпи измени веднаш во колку се изменат позитивните законски прописи во делот на платаите и Законот за работни односи во РСМ.
Овој Правилник да се достави до Службата за човечки ресурски како и до Службата за финансии за негова примена.

Одбор на Директори

-------------------------

Претседател
Проф.Др Марјан Бојаџиев